World Health Organization
REGIONAL OFFICE FOR Europe

# Зајакнување на одговорот на Здравствените системи кон COVID-19

## Техничко упатство #4
## за аптеки (1 –ви мај 2020)

Овој документ е еден од низата документи со технички упатства на Регионалната канцеларија на СЗО на Европа за обезбедување на практични информации и извори за оние кои донесуваат одлуки за мерките за зајакнување на одговорот на здравствените системи кон COVID-19.

Целта на овој документ е поддршка на фармацевтите и другите вработени во аптеките со упатства за прашањата кои потекнуваат од избивањето на заразата со COVID-19 .

Овој документ ја поддржува операционализацијата на препораките за водење на политики на СЗО Регионот на Европа за зајакнување на одговорот на здравствените системи кон COVID-19, фокусирајќи се на препораките за водење на политики бр. 11 (табела 1).

**Табела 1 Преглед на 16 препораки за водење на политики за одговор на COVID-19**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. Проширете ги капацитетите за комуникација и про активно управувајте ги односите со медиумите | 2. Поттикнувајте ги капацитетите на основните јавни здравствени услуги за да се овозможи итен одговор | 3. Објаснете ја јасно стратегијата за првиот можен контакт на случаи со COVID-19: телефон, он лајн, физички | 4. Заштите ги другите потенцијални први влезни места во здравствениот систем |
| 5. Одредете болници кои ќе примаат пациенти со COVID-19 и Подгответе ги за мобилизација на акутните и ICU капацит | 6. Организирајте и проширите ги услугите блиску до домовите за одговор на COVID-19 . | 7. Одржувајте го континуитетот на основните услуги истовремено ослободувајќи место за COVID-19 одговор . | 8. Обучете, пренамените и мобилизирајте ја здравствената работна сила соодветно на приоритетот на услугите . |
| 9. Заштитете го физичкот здравје на здравствени работници од првата линија | 10. Учествувајте и посочете ги потребите за ментално здравје на здравствената работна сила | 11. Испитајте ги системит за снабдување и магацините за складирање на есенцијалните лекови и медицински технологии | 12. Мобилизирајте финансиска поддршка и олеснете ги логистичките и оперативни бариери. |
| 13. Проценете и ублажете ги на финансиските бариери за пристап до него | 14. Проценете ги и ублажете ги потенцијалите физичк бариери за ранливите групи на луѓе. | 15. Оптимизирајте ја социјалната заштита заради ублажување на влијанието на јавните мерки врз финансискат безбедност на домаќинствата | 16. Обезбедете јасни улоги, односи и механизми за координација во управувањето со здравствениот систем и владеењето. |

Упатството ќе се ажурира на редовна основа користејќи ги најдобрите достапни докази и новонастанати практики на земјите во одговорот кон избивањето на COVID-19 во Европскиот регион на СЗО, вклучувајќи ги знаењата и доказите добиени преку заедничката платформа на СЗО Регионална канцеларија на Европа/Комисијата на ЕУ/Европската опсерваторија.

Во текот на COVID-19 здравствената криза, фармацевтите веројатно е дека ќе имаат зголемена улога во поддржувањето на системите за давање на здравствена заштита кои може ќе се преоптоварени со менаџирање на сериозно болните пациенти. Оние што не се чувствуваат добро прво одат во аптека за да побараат професионален совет за справување со нивните симптоми.

Овој документ не ги заменува советите на националните влади или на професионалните фармацевтски здруженија. Меѓутоа, во отсуство на специфични упатства, фармацевтите треба да ги земат во предвид следниве совети.

## 1. Клучни прашања

Фармацевтите и другите вработени во аптеките мора да бидат свесни за знаците и симптомите на COVID-19 инфекцијата и на соодветните патишта за упатување онака како што е советувано од страна на националните власти при било кој сомнеж за можна инфекција со COVID-19 .

Да ги потенцираат пораките за физичко дистанцирање, останување дома, само – изолација и карантин во линија со националните препораки. Овие барања може да се менуваат често, но соодветен совет мора секако да се даде.

Фармацевтите треба да се запознаени со националните упатства за соодветно и правилно носење на маските за заштита, кога тие се препорачани и како правилно да се мијат рацете. Кога е возможно на јавноста треба да и бидат достапни и инфо графици или друг нагледен материјал.

Фармацевтите имаат важна улога во справувањето со дезинформациите и во одговорот кон погрешните насоки и лажни изјави за ефективноста на различните начини на лекување на COVID-19. Нема одобрени третмани за COVID-19. Некои лекови се во фаза на испитување на ризиците и користа за нивната употреба при COVID-19.

Фармацевтите мора да се запознаени и да се однесуваат во согласност националните регулативи во однос на соодветната употреба на личната заштитна опрема во рамките на просторот на аптеките.

## 2. Препораки и стратешки постапки

**Во просториите на аптеките**

- Да се сведе на минимум контактот со купувачите и производите за да се намали ризикот од пренос на вирусот.
- Да се отстранат сите предмети како играчки и подароци од дофат, за да се намали допирањето на предметите
- Средството за дезинфекција на рацете да е достапно за користење на купувачите, посебно во деловите каде е можен контакт со луѓе или производи.
- Вработените мора често да ги мијат рацете, користејќи сапун и вода и миењето мора да трае најмалку 20 секунди. Онаму каде вода и сапун се недостапни, може да се користи средство за дезинфекција на раце.
- Главните допирни површини во аптеката треба редовно да се чистат, на пример, на секој 2 часа, користејќи одобрен раствор за чистење на база на алкохол.
- Да се ограничи бројот на купувачи во исто време во аптеката. Да се поставаат маркери на подот за купувачите да бидат оддалечени најмалку 1,5 метар, посебно на местат каде може да се создаде редица при подигање на лекови или добивање на совети.

**Работни часови**

- Зголемената побарувачка на лекови и совети за здравјето може да значат дека властите ќе го продолжат редовното работно време на аптеките.
- Земете ја во предвид можноста за поделба на вработените во тимови кои ќе работат во различно работно време/смени за да се има доволно персонал, дури и ако некој од вработените се инфицира или се разболи во едната од смените.
- Бидете свесни за зголемените ризици од пренесување на вирусот на фамилијата или пријателите поради вашата работа во аптека.

**Снабдување со лекови**

- Препорачувајте лекови  во согласност со националните упатства за справување со инфекцијата со COVID-19.
- Бидете свесни за проблемите со снабдувањето на најчесто употребуваните лекови и онаму каде што е возможно одржувајте соодветни нивоа на залиха за амортизирање на недостатокот со цел да се обезбеди количина за редовните купувачи.
- Обезбедете континуитет во снабдувањето на хроничните болни. Фармацевтите треба да бидат свесни за сите посебни барања за да можат да овозможат снабдување на лекови како инхалатори за астма, контрацептиви, антихипертензивни лекови и лекови за срце и лекови за бубрези без рецепт.
- Треска и болки во телото се најчести при инфекцијата со  COVID-19, па така побарувачката на лекови против болка може да е зголемена. Се препорачува парацетамол како лек од избор.
- Земете ја во предвид можноста за рестрикција на количините на лековите кои се набавуваат и издаваат на поединците доколку има зголемена побарувачка или се знае дека има недостаток.
- Запознајте ги добро националните упатства за можната соодветна замена со друг лек во ситуација кога лековите се трошат побрзо отколку што може да се нарачаат. Ваква замена може да бара и консултација со лекарот што го препишал лекот.
- Посебно внимание треба да се даде при снабдувањето кога фармацевтите имаат улога во координирањето на снабдување со боци со кислород за пациентите во здравствените установи. Можни се недостатоци.
- Земете ги во предвид зголемениот број на услуги за доставување до дома на лекови со и без рецепт. Услугите може да се спроведат заедно со групи од месното население или со агенции како што е црвениот крст.
- Обезбедете лесно следливи пишани упатства за пациентите кои не се во можност да дојдат во аптека.
- Бидете претпазливи и пријавете го во надлежните национални тела секој случај на сомнителен или фалсификуван лек.

**Средства за дезинфекција на раце**

- Земете го во предвид ограничувањето на  количините за индивидуално купување на средствата за дезинфекција на раце и зголемете ја достапноста на оваа превентивна мерка.
- Недостатокот на комерцијално достапните средства за дезинфекција на раце може да значи дека ќе има потреба фармацевтите сами да ги изготвуваат овие производи за да го поддржат и заштитат населението.
- СЗО дава препорака за изработка на две формулации за дезинфекција на раце во нејзиниот Водич за локално производство: СЗО препорачани формулации за средства за дезинфекција на раце (Guide to local production: WHO-recommended handrub formulation) кои може да се најдат на: https://www.who.int/gpsc/5may/guide_to_local_production.pdf

## Корисни извори

### Линкови до корисни извори за фармацевтите

**WHO**

- Coronavirus disease (COVID-19) advice for the public: https://www.who.int/emergencies/diseases/novel-coronavirus-2019/advice-for-public

**WHO Regional Office for Europe**

- Coronavirus disease (COVID-19) outbreak: http://www.euro.who.int/en/health-topics/health-emergencies/coronavirus-covid-19

**European Centre for Disease Prevention and Control (ECDC)**

- Fact sheet for health professionals on Coronaviruses: https://www.ecdc.europa.eu/en/factsheet-health-professionals-coronaviruses

**Pharmaceutical Group of the European Union (PGEU)**

- COVID-19 information hub: https://www.pgeu.eu/covid-19-information-hub/

**International Pharmaceutical Federation (FIP)**

Position statement on the association between the use of non-steroidal anti-inflammatory medicines (including ibuprofen), ace inhibitors, angiotensin receptor blockers (ARBs) and corticosteroids, and an increased risk of coronavirus/covid-19 infection or disease severity: https://www.fip.org/files/content/priority-areas/coronavirus/FIP-Position-Statement-COVID-19-medicines.pdf

**European Medicines Agency**

- EMA gives advice on the use of non-steroidal anti-inflammatories for COVID-19: https://www.ema.europa.eu/en/news/ema-gives-advice-use-non-steroidal-anti-inflammatories-covid-19

© World Health Organization 2020. Some rights reserved. This work is available under the CC BY-NC-SA3.0 IGO licence.